Платена поштарина
МК-1000 Скопје

# Магазин

## Спектар на новости



- **Санација на штети** предизвикани од поплави
- **Вистина и** заблуда
- Наградна игра **Facebook**
- **JUB референци**

Since
Од година 1875

Година IX
Број 17
Септември 2016
JUB д.о.о.е.л Скопје

www.jub.eu

# Вовед

Ова е нашиот 17 број на JUB Магазин, се надевам дека не ви додеваме, но и дека ви нудиме интересни и корисни информации.
Овој број на JUB Магазин, го започнуваме со она што во Скопје па и во другите градови, предизвика голема жалост и тага. Ви нудиме совет за санација на материјалните штети настанати од поплавите во регионот. Енергетската ефикасност на објектите задолжитено е присутна кај секој од нас кој инвестира во својот дом. Истата тема ја искористивме и за нашата презентација наменета за архитекти, проектанти... на која беа презентери и г. Славко Митовски од оштина Кисела Вода – Скопје, но и г. Изток Каменски кој ги пренесе искуствата на оваа тема од Европската Унија. Во овој број на JUB Магазин, вметнавме и нови теми, а тие се однесуваат на вистина или заблуда за некои од темите во градежништвото со кои постојано се сретнуваме, како JUB речник, каде ги појаснуваме дел од поимите во градежната комуникација. Секако имаме и катче за значењето на боите околу нас, како и дел од новите производи за 2016 година. JUB ве наградува и преку Facebook, ги објавуваме нашите добитници од наградната игра која беше организирана во месец јуни и јули. Тука се и нашите референтни објекти и секако и алатката JUB Design Studio.
Ви посакуваме денови без потреси и успеси...
До следниот наш број.
Ваш JUB.




Издава: JUB дооел - Скопје
Автори: Катерина Бошкова,
Кузман Стефановски,
Дејан Костов,
Горан Анѓелковски, Кирил Бошков.
Уредник: Катерина Бошкова
Редакциски одбор: JUB дооел - Скопје
Припрема и печати:
Макстен графика - Скопје
Тираж: 3.500 примероци

Адреса: бул. Јане Сандански бр.79а-3
Телефон: 02/ 2454-027
E-mail: jubmagazin@jub.com.mk

Since Od leta 1875



# САНАЦИЈА НА ШТЕТИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ПОПЛАВИ

**Пред неколку дена на некои од нас им беа потребни пумпи за нечиста вода, голема физичка и ментална сила за изнесување на сите елементи од ентериерот, а сега ни е потребно многу знаење и искуство за да можеме да ги санираме сите штети настанати од екстремните временски неприлики кои не погодија. Кои се следните чекори кои треба да се направат, и како да се санираат односно отстранат штетите на внатрешните и надворешните ѕидови после повлекувањето на водата?**

Пареопропусноста на нововградениот систем е исклучително важна. Во слоевите од ѕидовите е заробен дел од влагата која во подолг временски период треба да испари надвор од него. Предложениве материјали се пареопропустливи така да овозможуваат непречено одвивање на овој процес и гарантираат здрава клима во просторот.

САНАЦИЈА НА ОШТЕТЕНИ ИЛИ НАКВАСЕНИ ВНАТРЕШНИ ЅИДНИ ПОВРШИНИ
За да ги вратиме ѕидовите и таваните во првобитната состојба потребно е да се примени систем од технички мерки кои се разликуваат во зависност од степенот на оштетување. Пред повторното боење на внатрешните површини се соочуваме со разни инфекции на ѕидовите. Во следните неколку примери ќе ги прикажеме најчестите ситуации кои можат да се јават по повлекувањето на водата.







САНАЦИЈА НА МАЛТЕРОТ
Во случај кога доаѓа до потполно одвојување на грубиот малтер од носечкиот ѕид (цигла, бетон,...) потребно е да се примени иста градежна постапка како кај новоградбите. Поправка на сите инсталации, малтерисување, глетување и боење.

САНАЦИЈА НА ГЛЕТОТ
1. Глет масата која делумно или потполно се одвоила од грубиот малтер потребно е механички да се отстрани и на инфицираниот ѕид на кој по повлекувањето на водата во просторот се јавиле алги или мувла, да се нанесе биоциден раствор, односно средство за уништување на ѕидна мувла Algicid, или некое друго средство слично на него .
2.Потоа се нанесува основен премаз Akril emulzija (разредена со вода 1:1)








3. Глетуваме со глет маса Nivelin
4. Следна фаза е нанесување на средство Jupol Denikol кое ефикасно ги изолира дамките кои при навлажнување излегуваат низ филмот од глет масата и бојата, и после сушењето повторно создаваат дамки на пребоените површини.
5. Кога средството за изолација на дамките ќе се исуши, ѕидот односно таванот е спремен за нанесување на пареопропусна боја Jupol Citro, која претставува ефикасна заштита против појава на мувла.








САНАЦИЈА НА БОЈАТА
Доколку водата која навлегла во просторијата кратко се задржала и направила само естетско оштетување, санацијата е поедноставна.
1.Најпрво на површината нанесуваме биоцидно средство Algicid кое треба да се суши 8 часа.
2. Потоа се нанесува пареопропусен блокатор на дамки Denikol кој треба да се суши 48 часа
3. Ѕидовите ги боиме со Jupol Citro.
Како најбрзо решение за санација со перива боја може да се употреби систем кој опфаќа нанесување на Algicid, основен премаз JUPOL Gold (разреден со вода 1:1) и специјална внатрешна ѕидна боја JUPOL Block која во себе содржи блокатори на дамки, нијансирана во саканата нијанса.






САНАЦИЈА НА ТОПЛИНСКОИЗОЛАЦИСКИ ФАСАДНИ СИСТЕМИ ПОСЛЕ ПОПЛАВИ
Обновата на фасадните површини кои после поплавувањето се намокрени со вода и предизвикано е оштетување во облик на дамки, валканици или одвојување и лупење на наносот, од обичното обновувачко боење се разликува пред се во подготовката на подлогата. Начинот на санација е посебен во зависност од типот и интензитетот на оштетувањето. Посебен проблем претставуваат површините кои биле во допир со водата загадена од фекалии, излиени масла односно нафта, или со токсични и други опасни материи. Постапката за санација на таквите површини е покомплексна и може да се дефинира само после посета на техничко лице на објектот. Најголем предизвик претставува блокирањето на лесно и брзо растворливите материи во водата кои не можеме да ги отстраниме, а кои во надворешниот дел од



топлотноизолацискиот систем останале после сушењето. Блокирањето не е успешно доколку при нанесувањето на основниот премаз и бојата на водена база овие дамки се растворат и испливаат надвор што ќе предизвика ново формирање на независни дамки на исушениот филм од ново нанесената боја.

Санација на фасадни површини со вградена изолација од експандиран (EPS) или екструдиран (XPS) полистирен, се изведува во следниве чекори:
1. Дамките од валканите фасадни површини ги отстрануваме со топол воден раствор од универзалните средства за чистење (по потреба дамките ги отстрануваме со мека четка) и исчистените површини ги измиваме со топла вода.
2. Фасадните површини треба да се сушат најмалку еден месец бидејќи сите санациски постапки се возможни само ако влажноста на ѕидните површини е под 5%,
3. Исушените фасадни површини ги премачкуваме со разреден производ Jukol primer (Jukol primer : вода = 1:1);
4. Фасадните површини ги пребојуваме со пареопропусна микроармирана боја Revitalcolor AG во два слоја.
Фасадниот топлинскоизолационен систем врз база на минерална волна премногу се навлажнува (натопува) со вода и долго треба за да се исуши, така да доколку до зимата не се исуши и дојде до замрзнување ќе настанат непоправливи оштетувања. Затоа натопениот дел од фасадата се отстранува во потполност од тлото, и до 20cm над видливиот дел од зоната поплавена со вода. Потоа се врши замена со нова облога од волна или со помалку впивлива топлотноизолациска облога (експандиран или екструдиран полистирен). За да составот на нововградената и постоечката фасадна облога биде рамен и што помалку воочлив, намокрениот дел од фасадата го сечеме со кружна или аголна пила. Го обликуваме со фуга која после вградувањето на завршниот слој од малтерот го исполнуваме со трајноеластична маса.

САНАЦИЈА НА ДРВЕНИ ПОВРШИНИ ОШТЕТЕНИ ОД ПОПЛАВА
За санација на дрвените елементи кои не претрпеле потполни оштетувања можеме да препорачаме санација со материјали на водена и врз база на растворувач. Материјалите на водена база немаат мирис, потполно се еколошки, брзо се сушат (вториот слој после 4-6часа), додека материјалите врз база на растворувач имаат повисок сјај како и поголема отпорност на атмосферски влијанија.
Постапки за санација:
1. Комплетно да се отстрани старата боја со помош на фен за симнување боја
2. Шмирглање на дрвото (рачно или машински) до здрава подлога
3. Доколку има потреба ситните неправилности треба да се исправат со китирање со помош на кит за дрво AKRILIN
а) Боење на дрвото со материјал врз водена база:
Лазурно боење (видлива текстура на дрвото): JUBIN IMPREGNACIJA во еден слој (само за надвор), после сушењето да се пребои со JUBIN LAZUR во два слоја.
Покривно боење (без видлива структура на дрвото): еден слој JUBIN DECOR PRIMER, по сушењето два слоја JUBIN DECOR UNIVERZAL
б) Боење на дрвото со материјал врз база на растворувач:
Лазурно боење (видлива текстура на дрвото): JUBIN LAZURBAZE во еден слој, после сушење да се преби со JUBIN LAZURTON во два слоја.
Покривно боење (без видлива структура на дрвото): JUBIN OSNOVA ZA DRVO во еден слој, после сушење да се преби со JUBIN EMAJL LAK UNIVERZAL во два слоја.



JUB | JUPOL

## *Имате проблеми **со алги и мувла** на внатрешните ѕидови?*







## Решение во 3 чекори:

1. *Со мокра крпа добро се брише заразената површина*
2. *Кога ќе се исуши, површината се прска со Algicid Plus*
3. *По 8 до 12 часа, кога површината потполно ќе се исуши, се пребојува.*







# ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДРЖЛИВА ГРАДБА - *Со добра фасада се штеди половина енергија*

**Во минатото, голема важност се даваше на естетскиот изглед на фасадата, како и заштитата од агресивнте атмосферски влијанија, но денес големо внимание се посветува на енергетската ефикасност на објектите. Високо квалитетниот фасадниот систем може да даде многу значаен придонес за тоа.**

Неизолираните или слабо изолираните објекти за живеење, на различни начини губат голема количина на топлинска енергија. Преку фасадната површина, која претставува најголем дел на топлинската обвивка, може да се изгуби од 30 до 50 % од енергијата. Со вградување на топлинско изолациониот систем JUBIZOL и со избор на соодветна дебелина на изолацијата, потребната енергија за загревање се намалува до 40%. Заштедите не се само за загревање, туку и за ладење во летниот период од годината.






Широк спектар на фасадни системи

Топлотно - изолацискиот фасаден систем JUBIZOL Micro Air, овозможува голема пареопропусност, како и одлична топлинска и звучна изолација. Јадрото на системот е иновативната перфорирана изолациска плоча JUBIZOL EPS F-W2 или EPS F-G2, кои овозможуваат одлична пареопропусност. Со посебно избраните компоненти на системот: Micro Air основен малтер и силикатен завршен малтер, се добива систем со кој не доаѓа до кондензација. Оптималната пареопропусност, одличната топлотна и звучна изолација во системот Micro Air, создава пријатни и здрави климатски услови, кои се основа за добро чувство. Jubizol Micro Air системот овозможува едноставно вградување во споредба со класичниот систем на фасада од минерална волна.

За објектите кои бараат поголема отпорност на удари и перфорации на фасадната површина, се препорачува системот JUBIZOL Strong, фасаден систем кој е отпорен на врнежи од град. Системот JUBIZOL Strong е класифициран во најдобрата класа 4, во склад со барањата од FM Approvals class 4473 – здружение на американските осигурителни компании за тестирање на отпорност на кровната стреа на удари од град.

JUBIZOL Premium е технолошки супериорен топлотно - изолациски систем, кој на основа на нанотехнологијата овозможува висока водоодбивност и мало прифаќање на нечистотија, како и употреба на системот и на високи објекти кои се повеќе изложени на врнежи. Системот е особено наменет за загадени средини во урбаните и индустриските центри, во солената крајбрежна средина каде што има испарувања од солената вода и во други слични средини.

Обука во рамките на JUB Академија

Во рамките на JUB Akademija се организира професионална обука, која овозможува брз и ефикасен трансфер на техничката и деловната комуникација, знаење и вештини, а во споредба со формалното образование овозможува поголема флексибилност. JUB Akademija е наменета за сите, кои во своето работење директно или индиректно



се сретнуваат со материјалите за завршни  работи во градежништвото: сопственици на фирми и нивните вработени во областите молерисување, фасадерски работи, вградување на керамика, изградба, управување и одржување, архитекти, дизајнери, супервизори и управители на станбени објекти. Компаниите и поединците може да изберат помеѓу различни форми на образовна содржина, во согласност со нивното ниво на знаење или оспособеност и по завршувањето на обуката да добијат соодветен сертификат. Во развиената мрежа на подружници на JUB Akademija низ цела Европа, во 2014 година им бевме домаќини на повеќе од 10.000 учесници

Фокусирани на заштеда на енергија и енергетска ефикасност

Развојот во нашата компанија JUB  е фокусиран на проекти за заштеда на енергијата, обезбедување на здраво и удобно живеење, грижа за животната средина и квалитетна понуда на решенија за енергетски третман на објектите. Насочени сме кон развој на нови изолацкиски материјали, кои при помала дебелина ќе обезбедат еднаква изолациска способност, како и на системски решенија за зголемување на животниот век на фасадата.

Сеопфатна енергетска санација

При енергетската санација особено е важнен целосниот пристап, кој вклучува испитување на енергетските системи, градежна физика на градежната конструкција, тестирање и подготовка на предлог технологија за вградување. Покрај врвните материјали и стручните обуки, нудиме и широк спектар на услуги за целосен пристап при санација на објектите, вклучувајќи и „pull of test", преглед на подлогата, пресметка за потребното типлење, подготовка на технологијата за вградување и обработка на сите елементи на фасадата, пресметка на заштедата, како и визуелизација во боја на новата фасада на објектот.



Топлотно - изолацискиот систем, како мерка за енергетска ефикасност значително ја намалува потрошувачката на енергија во зградите, а во исто време влијае и на перформансите, големината и ефикасноста на другите системи за греење и ладење. Затоа, повеќе од потребно е мерките кои ги превземаме да се усогласат во една смислена и оптимална комбинација, која ќе ги исполни барем минималните барања за енергетска ефикасност. Барањата за енергетска ефикасност не се однесуваат само на пресметаната или измерената количина на енергија, која е поврзана со нормална употреба на заградата, туку таа мора да биде и финансиски оптимална и да обезбедува најниски трошоци во текот на целиот  животен циклус на објектот.

# Секоја куќа заслужува фасаден систем JUBIZOL.

**ДО 25 ГОДИНИ ГАРАНЦИЈА**

**ДО 40% ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА**

**БЕСПЛАТНО СОВЕТУВАЊЕ СО АРХИТЕКТ И ТЕХНИЧКО ЛИЦЕ**



## Фасадни системи со 45 годишна традиција.

Купувањето фасада е паметна инвестиција, која ќе Ви се врати преку пониски трошоци за греење и ладење, како и преку зголемената вредност на Вашата недвижност.

**Погледнете ги нашите производи и предностите на JUBIZOL фасадните системи во нашите каталози и на www.jub.eu**

**Побарајте совет на: 02 2454 027, или на jub@jub.com.mk**

JUB JUBIZOL
*Фасадни системи по мерка*




# *JUB академија*

**Енергетската ефикасност и енергетската санација на објектите, а со тоа и намалувањето на потрошувачката на енергија се теми кои последниве години се премногу актуелни, дури и на дневно ниво.**

Следејќи го овој тренд во градежништвото и водејќи се од потребата од изградба на што повеќе енергетски ефикасни објекти, сакаме на нашите крајни корисници да им ги појасниме предностите од вградување на Jubizol фасаден топлотноизолациски систем, односно следниве придобивки:



- Заштеда на енергија (пари) дури и до 40% во однос на неизолиран објект,
- Обезбедување на топлотна заштита и во лето и во зима,
- Анулирање на појавата на ладни мостови и спречување појава на алги и мувла на внатрешните ѕидови на објектот,
- Одлична звучна изолација во внатрешноста во објектот,
- Заштита на конструкцијата на објектот од надворешни влијанија со што се продожува работниот век на објектот,
- Естетски изглед на објектот,
- Заштита на човековата околина (намален процент на гасови кои се испуштаат во атмосферата и спречување на глобално затоплување).

Затоа на прашањето ... зошто топлотноизолациски систем на фасадата?... одговорот е едноставен, затоа што животните трошоци и цените на енергенсите ќе бидат се поголеми, што претставува и причина повеќе да се грижиме и за генерациите кои доаѓаат.





Задржувајќи ја веќе стекнатата традиција за организирање и изведба на стручни презентации за нашите завршни градежни материјали и годинава во  просториите на Скопски саем (08.06.2016 - Бизнис сала) одржавме посебна стручна техничка презентација за сите раководни лица (архитекти , проектанти, градежни инженери, инвеститори....) вклучени во одлучувањето и изведбата на завршните градежни активности, на тема енергетска ефикасност на објектите.
Заштедата на енергијата и енергетската ефикасност преку практични примери  на оваа тема своето искуство со нас го сподели г-динот Славко Митовски, експерт и претставник од одделението за енергетска ефикасност на општина Кисела Вода од Скопје.
За искуствата и знаењето од Европската Унија преточено во нашите идни проекти на полето на енергетската ефикасност стручно ни се обрати и нашиот колега од матичната фирма од JUB Словенија г-дин Изток Каменски.
Топлотноизолацискиот систем Jubizol фасада како дел од решенијата за енергетска ефикасност на објектите и новините во JUB-овата фасадна програма, на семинарот ја презентиравме преку нашата стручна техничка служба.
За секој присутен учесник во салата поделивме и соодветен рекламен материјал, а воедно по завршувањето беше организиран и коктел каде во поопуштена атмосфера можеше да се споделат впечатоците од презентираното.

JUB Academy

| Календар на одржани презентации | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА |
| 27.01.2016 | JUB дооел / Дим Колор | Скопје | изведувачи | Внатрешни бои и декоратива |
| 04.02.2016 | JUB дооел / Ата Стил Компани | Скопје | изведувачи | JUB-ов асортиман |
| 15.02.2016 | Лони АГ | Гостивар | изведувачи | Внатрешни бои и декоратива |
| 18.02.2016 | Даре Промет | Тетово | изведувачи | Внатрешни бои и декоратива |
| 19.02.2016 | Лони АГ | Гостивар | изведувачи | Jubizol фасада |
| 23.02.2016 | JUB дооел / Зеус Дизајн | Скопје | изведувачи | Внатрешни бои и декоратива |
| 03.03.2016 | JUB дооел / Мак Дизајн | Скопје | изведувачи | JUB-ов асортиман |
| 08.03.2016 | JUB дооел / Муса Градба | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 10.03.2016 | Пролет Комерц | Велес | изведувачи | JUB-ов асортиман |
| 12.03.2016 | JUB дооел | Струга | изведувачи /трговци | Новини во производната програма |
| 15.03.2016 | Сиба Интернационал | Скопје | изведувачи | JUB-ов асортиман |
| 23.03.2016 | JUB дооел / Фасадери Скопје | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 12.04.2016 | JUB дооел / Фасадери Скопје | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 13.04.2016 | Хемитек | Прилеп | изведувачи | Внатрешни бои и декоратива |
| 13.04.2016 | Хемитек | Прилеп | изведувачи | Jubizol фасада |
| 18.04.2016 | JUB дооел / Фасади Бандо | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 06.05.2016 | JUB дооел / Алекс Колор | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 13.05.2016 | JUB дооел / Компанија Велкоски | Скопје | архитекти | JUB-ов асортиман |
| 03.06.2016 | JUB дооел / Фасадери Скопје | Скопје | изведувачи | Jubizol фасада |
| 08.06.2016 | JUB дооел | Скопје | архитекти | Енергетска ефикасност |
| 28.06.2016 | JUB дооел / Керамичари Скопје | Скопје | изведувачи | Керамика |
| 11.07.2016 | Партнер Дизајн | Скопје | изведувачи | JUB-ов асортиман |
| 10.08.2016 | JUB дооел / Молери Скопје | Скопје | изведувачи | Внатрешни бои и декоратива |



# *Заблуда во врска со термоизолации*

Стиродур е подобар материјал од Стиропор?
Според термоизолационите својства, густината и еластичноста на фасадниот стиропор 15-20kg/m$^3$, е предвиден за фасадни работи. Стиродурот, како најдобар хидроизолатор се користи за првиот ред или за изолација на цоклето.




Колку повеќе лепак на ѕидот, толку подобро?
Ова апсолутно е погрешно. Доколку има потреба да се изедначат нерамнинте на ѕидот, тогаш најдобро е тоа да се направи со различни дебелини на изолационот материјал (стиропор, минерална волна...), или со предходно израмнување на ѕидот (грубо малтерисување). Дебел нанос на лепак, не е дозволено бидејќи истиот може да предизвика пукнатина, чија санација покасно е поскапо да се санира, отколку правилно да се вгради на самиот почеток.
Дупло подебел стиропор – дупло поголема изолаца?
Точно е дека поголема дебелина на стиропор дава поголема изолација, но овие две величини не се пропорционално сразмерни, така што со зголемување на дебелината на термоизолациониот материјал, одреден процент се зголемува и заштитата но не и дупло.
Лепакот е помалки важен, најважна е фасадата?
Во еден контактно фасаден систем, целата конструкција е„залепена" на фасадата. И најквалитетната завршна изведба на фасадата, со искористен слабо квалитетен лепак, нема да ја спречи појавата на попуштање на целиот систем, под притисок на тежината на конструкцијата.
Типлење (сидрење) на фасадата е задолжително?
Постојат правила кои одредуваат дали еден топлинскоизолационен систем треба да се типли или не. Ова зависи од староста на објектот, квалитетот на конструкцијата на фасадата, висината на објектот и тежината на фасданиот систем кој се вградува. Причината за типлење на фасадата е, заштита на контактната фасада од дополнително оптеретување, предизвикано од ветерот.



# Дали е точно мислењето...

Густа боја е добра боја?
НЕТОЧНО. Напротив – големата густина на производот, лесно се добива со предозирање на полнила (калцит – креда), која е многу евтина состојка на секоја боја или пак со додавање на адитиви за густина кои немаат никаква улога во зголемување на перформансите на производот.
Така што, густата боја создава дебел слој (филм) на ѕидот, кој е многу подложен на пукање. Пукањето и двоењето на ѕидот, обично се јавува кај пребојувачките слоеви. Па затоа, мораме да ги лупиме ѕидовите, па повторно да глетуваме и боиме.



Квалитетните бои кои не се претерано густи, овозможуваат голем број пати на пребојување на ѕидните површини, а при тоа старите наноси да бидат повторно добри за прифаќање на новиот слој на боја.
Уште една опасност кај премногу густите бои, е што пред вградување на истите мораат премноду да се разредуваат, за да може да се нанесе истата на ѕидот. Со тоа се загросува составот на бојата, нејзината цврстина, отпорност на триење, суво или мокро бришење, покривност, а со самото тоа и потрошувачка на бојата, па на пример, ако за ѕидна површина за која ни е потребно 10l боја, баква разредена боја би ни било потребно 15l.


ЗА СЕКОЕ ЧУВСТВО,
КОЕ ГО САКАТЕ,
ТУКА Е БОЈАТА
JUPOL GOLD
jupol
Gold
JUB
Со повеќе од 10.000 нијанси на JUPOL GOLD кои ги креираме според Вашите чувства, можете да го обоите својот дом со своите најомилени чувства. Уживајте во боите и боењето! Со боите JUPOL GOLD, патот до професионални резултати е сосема едноставен.
JUPOL GOLD.
БОИ, ЕДИНСТВЕНИ КАКО ЕМОЦИИ.
JUB
Боите го менуваат домот.



# Значењето на боите околу нас

**Секоја боја околу нас има свое значење и ни буди различни чувства. Добрата комбинација од бои, често може да се покаже како клучна за успех при работата, уредувањето на домот, промовирањето на некое добро или услуга и слично.**

Која боја вам ви е омилена?
Црвената е бојата на огнот и на крвта, па токму затоа, таа асоцира на енергија, војна, опасност, сила, моќ, одлучност, страст, копнеж и љубов.
Црвената е емотивно интензивна боја. Таа го забрзува човечкиот метаболизам и дишењето и го зголемува крвниот притисок. Таа има голема видливост, па токму затоа сообраќајните знаци, семафорите и противпожарните апарати ја содржат токму неа. Оваа боја се наоѓа и на многу национални знамиња.
Црвената ги поставува текстот и сликите во преден план. Може да се користи за да се акцентираат некои работи, кои можат да го натераат човекот да донесе некои брзи одлуки, како на пример „Купи сега" или „Кликни тука". Во маркетингот, црвената боја најчесто се користи да пробуди еротски чувства. Црвената боја својата најширока примена ја наоѓа во обележувањето на нешто што е опасно. Исто така, таа се применува и за асоцирање на енергија, па така може да се користи за промоција на енергетски пијалаци, игри, автомобили и друго.
• Светло-црвена: радост, сексуалност, страст, чувствителност и љубов
• Розова: романтика, љубов, пријателство, женски квалитети и пасивност
• Темно-црвена: енергија, волја, бес, лутина, лидерство, храброст, тага, злоба и гнев
• Кафеава: машки квалитети и стабилност
• Црвено-кафеава: жетва и есен





Портокаловата боја комбинира енергијата од црвената и среќата од жолтата. Таа се поврзува со радост, сонце и тропски предели. Портокаловата боја претставува ентузијазам, фасцинација, среќа, креативност, решителност, атракција, успех, охрабрување и поттикнување.

Во човечките очи, портокаловата е многу жешка боја, па така му дава чувство на топлина. Сепак, портокаловата не е толку агресивна како црвената. Портокаловата боја го зголемува нивото на кислород во мозокот, произведува заживувачки ефект и ја стимулира менталната активност. Таа е мошне прифатлива помеѓу младите луѓе. Како цитрусна боја, портокаловата се поврзува со здрава храна и таа го стимулира апетитот. Портокалова е бојата на есента и жетвата.

Портокаловата боја има многу висока видливост, па можете да ја користите за да привлечете внимание и за да ги нагласите најважните елементи во вашиот дизајн. Таа е многу ефикасна за промовирање на прехранбени производи и играчки.

• Темно-портокалова: измама и недоверба
• Црвено-портокалова: желба, сексуална страст, задоволство, доминација, агресија и жед за акција
• Златна: престиж, просветлување, мудрост, богатство и висок квалитет

Жолтата е боја на сонцето. Таа се поврзува со радост, среќа, интелект и енергија.

Жолтата боја обезбедува чувство на топлина, чувство на бодрење, ја стимулира менталната активност и создава мускулна енергија. Таа често се поврзува со храната. Светлата, чисто-жолта боја е предизвикувач на внимание, поради што и такси возилата во многу земји од светот се бојадисани со таа боја. Кога е премногу употребена може да има вознемирувачки ефект. Познато е дека бебињата повеќе плачат во соби во кои доминира жолтата боја.



Жолтата боја се користи за да предизвика пријатни и весели чувства. Оваа боја можете да ја одберете за да промовирате детски производи и предмети поврзани со користењето на слободното време. Жолтата е многу ефикасна за привлекување внимание, па може да се користи за да се потенцираат најважните елементи во дизајнот. Мажите често на жолтата боја гледаат како на детска, па затоа не се препорачува престижни и скапи продукти за мажи да ја содржат оваа боја. Таа е нестабилна и спонтана боја, па препорачливо е да се избегнува ако треба да се потенцира стабилност и безбедност. Светло-жолтата има тенденција да исчезнува кога е во комбинација со белата, па затоа потребна е потемна боја за да се потенцира нештото. Нијансите на жолта боја се визуелно непривлечни, бидејќи ја губат ведрината и постепено стануваат валкани и безбојни.

• Несјајна: претпазливост, распаѓање, болест и љубомора
• Светло-жолта: интелект, свежина и радост





Зелената е боја на природата. Таа симболизира раст, хармонија, свежина и плодност. Зелената има силна емоционална кореспонденција со сигурноста. Темно-зелената, многу често се поврзува со пари.
Зелената има голема исцелителна моќ. Таа е најспокојната боја за човечкото око и може да го подобри видот. Таа симболизира стабилност и издржливост. Понекогаш зелената означува недостаток на искуство. Оваа боја, обратно од црвената, означува безбедност. Не за џабе, таа е бојата на слободен премин во патниот сообраќај.
Користете ја зелената за да посочите безбедност при рекламирање лекови и медицински производи. Зелената е директно поврзана со природата, па можете да ја користите за промовирање еколошки производи. Потемно-зелената најчесто се поврзува со парите, финансискиот свет, банкарство и слично.

- Темно-зелена: амбиција, алчност и љубомора
- Жолто-зелена: болест, кукавичлук, раздор и љубомора
- Аква: емоционално лекување и заштита
- Маслинесто-зелена: мир




jupol TREND
Пребојте го домот во својот
омилен музички стил.
ОД СЕГА
СО НОВ
ИЗГЛЕД
JUB



# НОВО - *Jubin Akrilin kit*



По ново, во 2016 година JUBIN Akrilin китот ќе може да се нијансира со DIPI Super Color, па така покрај 4-те стандардни нијанси, со белиот JUBIN Akrilin кит ќе можете да добиете уште и орев, махагони, тик и цреша. Можностите се практично неограничени, бидејќи во белиот JUBIN Akrilin кит 750g ќе можат да се замешаат 3 пакувања од омилената нијанса на DIPI Super color.




**dipi SUPER COLOR + JUBIN AKRILIN 750 g**

| dipi SUPER COLOR | | JUBIN AKRILIN 750 g |
|---|---|---|
| N°55 – 2x капачиња | | Орев |
| N°55 – 2x капачиња | + N°25 – 1x капачиња | Махагони |
| N°50 – 2x капачиња | + N°45 – 1x капачиња | Тик |
| N°50 – 2x капачиња | | Цреша |

**dipi SUPER COLOR + JUBIN AKRILIN 8 kg**

| dipi SUPER COLOR | | JUBIN AKRILIN 8 kg |
|---|---|---|
| N°55 – 1x | | Орев |
| N°55 – 1x | + N°25 – ½ x | Махагони |
| N°50 – 1x | + N°45 – ½ x | Тик |
| N°50 – 1x | | Цреша |



# Facebook – Наградна Игра

**Оваа година во период од 07.06.2016 па сé до 11.07.2016 беа организирани неколку интерактивни наградни игри на нашата Facebook страна. Во овој број на JUB Магазин ви ги претставуваме добитниците и тоа по ред.**

Првата наградна игра се состоеше од тоа да се одредат колку JUB производи има на фотографијата, овде наградата и припадна на Чочовска Сања од Скопје.







Втората наградна игра беше да се наведе кој дел од пазалот недостасува, добитник е Кристијан Белобрадиќ од Скопје.








Третата наградна игра беше да се пронајдата разликите на дадената фотографија, добитник е Светлана Томеска од Македонски Брод.






Четвртата игра се состоеше од тоа да се погоди што има на заматената фотографија, а награден беше Адријан Гавази од Скопје.






Сите овие добитници ги наградивме со по 1 пакување од нашата најпродавана боја за внатрешни ѕидови Jupol Classik 15l.
По повод Европскиот натпревар во фудбал EURO 2016 – France, тој што типуваше за својот фаворит, а доби награда Jupol Gold 15l е Тони Петрески исто така од Скопје.








За време на оваа наша наградна игра го добивме нашиот 10.000 следбеник на нашата Facebook страна JUB Македонија, па затоа и истиот го наградивме со нашата најпродавана боја за внатрешни ѕидови Jupol Classik 15l, а добитник беше Емилија Карафилоска од Охрид.




Следете на нашата Facebook страна JUB Македонија и понатаму и очекувајте и други наградни игри.

На добитниците им честитаме.

JUB | JUPOL

*Имате проблеми **со дамки** на ѕидните површини?*







## Решение во 3 чекори:

1. Зајакнување на помалку квалитетната подлога (по потреба)
   1x JUPOL Gold или 1 x JUKOLprimer (JUKOLprimer : вода = 1 : 1)

2. Блокада на дамки и завршен слој: 2x - 3x JUPOL Block
   (нијанси по тон карта на JUB - пастелни нијанси)

3. Доколку сакате поинтензивни нијанси, Ви препорачуваме употреба на JUPOL Gold или JUPOL Brilliant како завршен слој



# Мал речник за стручните поими

Адхезија – прифаќање на слоевите или наносите помеѓу себе (пр.прифаќање на бојата на ѕидот). Слабата адхезија, предизвикува одвојување, пукање или паѓање на премазот од подлогата на која е нанесена и обратно, добрата адхезија обезбедува, долготрајност на добро прифатениот премаз на соодветната подлога.

Адитив – додаток во бојата, малтерот, или лепакот наменети за посебна цел, која сакаме да ја постигнеме со тој материјал. Адитивите можат да го убрзаат или успорат прицврстувањето на материјалите, ја намалуваат појавата на пенење, ја намалуваат точката на замрзнување, влијаат на вискозноста на материјалот итн.

Акрилни материјали – бои, малтери, глет маси или лепаци кои како врзиво имаат акрилна смола. Се одликуваат со многу добра водоодбивност, но и обично со нешто помала пареопропусност. Материјалите на база на акрилни врзива одлично се нијансираат во најразлични нијанси.

Амикол – специјална боја, наменета за внатрешни ѕидови кои екстремно се загрозени од појавата на испарување и кондензација на водена пареа (пекари, производство и преработка на храна и сл.). Амиколот е направен на водена база и отпорна е на чистење дури и со топла вода.

Акринол – трговска марка на лепаци за керамика. Групата Акринол лепаци опфаќа: Akrinol Classic, Akrinol Elastik, Akrinol Light, Akrinol Uniflex, Akrinol Flex, Akrinol Super Grip и Akrinol Fugalux.

Боја – покривен премаз во одредена нијанса во течна состојба, која има за цел естетски да го заштити ѕидот на кој е нанесена.

Бандажирање – обработка на споевите на гипс – картонските плочи или некои други елементи за вградување, така што на самиот спој нема да се појави пукнатина. За овие потреби, користиме посебни маси за израмнување во корелација со различни видови на мрежа.

Блокатор на дамки – ги блокира сите видови на дамки кој се појавиле на ѕидовите (протекување од цевки, истурен пијалок, никотин, пожар и сл.) кои во допир со бојата на водена база се раствараат и понатаму упорно се појавуваат на површината. Основниот премаз Denikol со своето дејство, после 24 часа, создава непропусен филм од боја, преку кој може да се пребојува без страв дека дамката повторно ќе се појави на ѕидот. Уште по ефикасна е бојата која е специјално наменета за блокирање на дамки Jupol Block.

Бавалит – завршен декоративен малтер во бела боја и структура слична на кора од дрво – пердашена изгребана структура. Името во JUB, го добил според „белиот баварски малтер“ и е претходник на денешните модерни акрилни, силикатни и силоконски завршни малтери. Во JUB се произведува во прашкаст облик и има своја компонента Б (пластификатор).

База – бојата или малтерот кој во себе содржи помал процент на полнила, за да може во себе да прими поголема количина на пигменти наменети за добивање на најтемните нијанси од тон картата. Без дополнителни пигменти од Jumix машините, не се за употреба.

Биоцид – адитив кој е задолжен да обезбеди микробиолошка карактеристика на производот. Според законските регулативи, на истите им е ограничена употребата.

Brightness – параметар во спектарот на бои, кој ја одредува светлоста и сјајноста на бојата.



# *JUB - ови фасади*
# Референтни објекти во Македонија

Преглед на дел од референтните објекти, изработени во 2016 год. каде правилно се вградени наши фасадни материјали.



*Објект с. Штрбово- Преспа - Jubizol standard /Jubizol akryl finish S 1.5mm (1093, 1095), изведувач Филип Декор/Октиси/*



*Објект Кавадарци - Jubizol /камена волна/Jubizol Uniwool, Jubizol Silikon Finish S 1.5mm (1135) , изведувач Уметност Идеа-Вевчани*





*Објект Волково Скопје - /Jubizol Comfort/Jubizol Unixil Finish S 1.5mm (1093, 1095) , изведувач Алекс Колор-Скопје*



*Станбен објект Скопје- MAG 1,5mm (1093), Jubiyol Acryl Finish S 1.5mm (1490) изведувач Луки Фасаде Дизајн/ Скопје*



## *JUB Design studio*

# Виножито од бои

**Во рамките на нашите услуги, ја вбројуваме и бесплатната услуга JUB Design Studio, која се однесува на инспирација на бои кои би се вградиле како завршен малтер на темофасадната површина на вашиот објект, или на комбинација од бои кои би се користеле при уредвање на внатрешниот дел од вашиот дом, како и инспирација за употреба на декоративните техники кои ги нудиме во нашата палета на производи која се состои од сите материјали за завршни работи во градежништвото.**

Со помош на нашите стручни лица од Словенија, можете да го видите Вашиот објект од другата страна – како би изгледал завршен со нијанса, пред да се одлучите што точно да вградите.
Најхрабрите се секогаш најбрзи. Некој од најхрабрите за изработка на JUB Design Studio, како и во минатите броеви на JUB Магазин, ќе ви ги претставиме и во овој број. За жал поради ограничениот простор во секој наш број претставувањето е делумно.



*Станбен објект во Прилеп,*



*Нијанси: 1141,1094 Kulirplast 450*



*Нијанси: 1141,1094 Kulirplast 470*






*Деловен објект во Скопје,*



*Нијанси: 1054, 4642 Kulirplast 670*



*Нијанси: 1455, 2433 Kulirplast 405*

За оние кои не се информирани како да ја добијат оваа наша услуга, ќе ги наведам неколкуте чекори до крајниот резултат.

1. Фотографирајте го вашиот објект однадвор,
2. Испратете ни ги фотографиите на e-mail: jub@jub.com.mk ,
3. Испратете ни ги вашите идеи за нијансите и прекршувањата на фасадата,
4. Бидете трпеливи 5 работни дена и ќе ја добиете Вашата замисла, на вашиот објект, како и нова идеја од нашите архитекти, како за изборот на нијанси, така и за прекршувањата на истите.

Доколку Ви се допадна нашата идеја за ваша помош, слободно може да ни се обратите во канцелариите на бул. Јане Сандански бр.79а – 3, 1000 Скопје, како и на телфонскиот број: 02/ 2454 027.

Со надеж дека во најскоро време ќе исконтактираме, се радуваме на нашата средба




# JUB Дружење

**Како и секоја година, така и оваа, нашите соработници: изведувачи, трговци и проектанти ги „одморивме“ 2 дена од нивните секојдневни обврски и тоа овој пат во градот Струга, а во реконструираниот хотел Изгрев.**



Нашата дружба се состоеше од забава, но и презентација на новите материјали за оваа 2016 година и сето ова по повод 10 години постоење на JUB во Македонија.
Не заборавивме да ги доделиме и сертификатите за 2016 година, па така и Вие немојте да ги изоставите при изработка на Вашата Jubizol Фасада, затоа што ние заедно со нив ви даваме 10 години гаранција на истата.
Како навистина се забавувавме, атмосферата, можете да ја доловите преку фотографиите објавени на Facebook, на нашата страна JUB Македонија.
Со надеж дека нашата дружба и во иднина ќе биде организирана, но со поголем број на наши соработници од сите профили, Ви посакуваме успешна работа и деловна соработка.



JUB JUPOL

*Сакате боја, која дава* ***чувство на топлина?***







# 3 главни карактеристики:

1. Системот Thermo* нуди ***заштеда при греење*** заради изолациските карактеристики до 2 EUR/m² фасадна површина во лето**




2. Системот дава ***чувство на топлина.***

3. наменет е за ***премостување*** на помали ***ладни мостови***.




** Систем Thermo = JUPOL Thermo + маса за израмнување JUBOLIN Thermo.*
*** Важи за бетонски ѕидови.*

JUB 140 years

**JUB д.о.о.е.л. - Скопје**
бул. Јане Сандански бр.79 а-3
МК 1000 Скопје
**T**: 00389 2 24 54 027
**Ф**: 00389 2 24 55 235 **E**:jub@jub.com.mk
**Членка на групацијата JUB**



www.jub.eu

Since
Од година 1875